EMBAJADA DE ESPAÑA EN SKOPJE
cooperación española

АМБАСАДА НА КРАЛСТВОТО ШПАНИЈА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

7-11 Септември

Центар за Култура- Крива Паланка
ул. Св.Јоаким Осоговски, Крива Паланка

ВИКЕНД СО ШПАНСКИ ФИЛМ 2018

7 септември (петок) 2018 год,
20.00 часот

СРЕЌНИ 140
(Felices 140)

Игран филм, Шпанија
2015 г., 98 мин., колор, блурреј
Режија: Грација Керехета (Gracia Querejeta)
Сценарио: Сантос Мерсеро, Грасија Керехета
(Santos Mercero, Gracia Querejeta)
Улоги: Марибел Верду, Антонио де ла Торе, Едуард Фернандес
(Maribel Verdú, Antonio de la Torre,
Eduard Fernández)

Елија собира група на пријатели и роднини во раскошна вила за да го прослават нејзиниот 40 роденден. Гостите доаѓаат со своите подароци, но и со своите лични и заеднички проблеми. Започнува разговор за тоа што најдобро им се случило во периодот во кој се немаат видено. Сите ги кажуваат своите приказни, вистинити или полувистинити, а Елија завршува со веста дека на Европската лотарија го освоила џекпотот од 140 милиони евра. Како гостите ќе реагираат на оваа изјава, што ќе се случува помеѓу старите и новите љубови, дали парите ќе ги расипат нивните односи, дали детските другарства го издржуваат бремето на годините, браковите и парите... На тие прашања со публиката дебатира режисерот Грација Керехета чиј филм СРЕЌНИ 140 беше шпански претставник за 88-то издание за наградите Оскар и кој темата ќе ја зачини и со елементи на трилер. Филмот одлично го води Марабел Верду во улогата на Елија, која ќе ја видиме и во филмот 15 ГОДИНИ И ЕДЕН ДЕН исто така во режија на Грација Керехета..

8 септември (сабота) 2018 год,
20.00 часот

БРАТУЧЕДИ
(Primos)

Игран филм, Шпанија
2011 г., 98 мин., колор, блурреј
Режија: Даниел Санчес Аревало (Daniel Sánchez Arévalo)
Сценарио: Даниел Санчес Аревало (Daniel Sánchez Arévalo)
Улоги: Ким Гутиерес, Инма Кеста, Раул Аревало
(Quim Gutiérrez, Inma Cuesta, Raúl Arévalo)
Ова е трет игран филм на Санчес Аревало,
но негова прва комедија.

Кога Диего ќе биде откачен од неговата девојка, еден ден пред нивната свадба, тој и неговите двајца братучеди решаваат да отидат во селото каде што ги поминале своите момчешки денови, каде што за првпат се вљубиле и ги засакале работите што ги формирале како луѓе. Директна цел е да се најде Мартина, првата љубов на Диего со која првпат водел љубов пред точно 10 години. Братучедите полека го освојуваат селото, ќе се најдат со Мартина која има 9-годишен син, ќе се сретнат со нивниот локален херој Бачи - сопственикот на видеотеката од која изнајмувале филмови... Секако, во селото ќе дојде и девојката на Диего која покајнички ќе бара извинување што ќе ги искомплицира и онака комплицираните состојби.
БРАТУЧЕДИ е комедија со интересен и личен пристап кон комичното. Ликовите се карикирани, но не до ниво на карикатура, така што останува нивната човечност која во фокусот ги задржува машко-женските односи, независно од тоа дали се работи за однос маж-жена, машко-женско, син-мајка, татко-ќерка, љубовник-љубовница...

9 септември (недела) 2018 год,
16.00 часот

МАГАРЕТО НА ДОН КИХОТ
(Donkey Xote)

Анимиран филм, Шпанија
2007 г., 90 мин., колор, блурреј
Режија: Хосе Позо (Jose Pozo)
Сценарио: Мигел де Сервантес, Анхел Е. Париенте
(Miguel de Cervantes, Angel E. Pariente)
Улоги: Хосе Луис Гил, Андре Буенафуенте, Луи Посада
(José Luis Gil, Andreu Buenafuente, Luis Posada)

Одличен, забавен и во холивудски стил снимен анимиран филм за авантурите на Дон Кихот и Санчо Панса во која како главен лик овојпат се појавува Русио, магарето на Санчо. Русио сонува да стане коњ и следејќи својот господар низ авантурите во кои тој го придружува славниот витез Дон Кихот ја заработува честа да се нарече коњ. И тоа не обичен коњ, туку коњ на Дон Кихот.

10 септември (понеделник) 2018 год,
20.00 часот

ОД ТВОЈОТ ПРОЗОРЕЦ ДО МОЈОТ
(De tu ventana a la mía)

Игран филм, Шпанија, 2011 г., 98 мин., колор, блурреј
Режија: Паула Ортис (Paula Ortiz)
Сценарио: Паула Ортис (Paula Ortiz)
Улоги: Марибел Верду, Летисија Долера, Луиса Гаваса
(Maribel Verdú, Leticia Dolera, Luisa Gavasa)

Според авторката во филмот се работи за испреплетени емоции и борби на три жени од различни генерации кои имаат за цел да ги изградат животите што ги сакаат - земајќи ги своите иднини во свои раце. Сите тие ја изгубиле љубовта на својот живот и ќе треба да ја бараат својата среќа и да се борат за достоинството во една прилично непријателска Шпанија зашто дејствието се случува во раните 1940-ти до средината на 1970-тите години. Овие жени не само што се чувствуваат скршени поради многу интимните борби, туку и поради општествените и патријархалните норми како резултат на низа социјални и историски настани. Виолет, Агнес и Луис се жени на различни возрасти, чии денови поминуваат во очигледна смиреност на другата страна од прозорецот. Полиња, планини, и улиците на стариот град се сценографија во која овој филм ги оживува животите на овие жени, видени преку светлината и убавината на спомените. Филмот ни го доловува волшебното минатото кога сè уште било можно млада девојка да сонува во шумата; ни дава далечен поглед на мајка во јаловата пустината и спомен на зрела жена затворена во куќата. Филмот ја раскажува приказната за жените кои се чини дека живеат во тишина, но чии сеќавања чуваат тајни, страсти и живи соништа. Како топка од волна што се тркала од еден живот во друг, филмот го следи овие жени до денот кога тие страдаат од неочекувана загуба, отсуство и болка. Овој филм е интимен и емотивен портрет во кој фантазијата понекогаш лета над сите прозорци.

11 септември (вторник) 2018 год,
20.00 часот

15 ГОДИНИ И ЕДЕН ДЕН
(15 Años y un día)

Игран филм, Шпанија, 2013 г., 96 мин., колор, блурреј
Режија: Грација Керехета (Gracia Querejeta)
Сценарио: Сантос Марсеро, Грасија Керехета
(Santos Mercero, Gracia Querejeta)
Улоги: Тито Валверде, Марибел Верду, Арон Пилар
(Tito Valverde, Maribel Verdú, Arón Piper)

Марго се „бори“ со својот син Јон кој е тинејџер-бунтовник, но исто така е емотивно и правдољубиво момче сакано од другарите и особено од девојчињата. Кога Јон добива суспензија од училиштето со укажување дека најверојатно нема да ги помине годишните испити, Марго го праќа Јон кај нејзиниот татко Макс кој живее разделен од нејзината мајка. Макс е пензиониран воен офицер кој служел во Босна, се истакнал со храброста и добил медал за тоа, но се повлекол разочаран од службата, но и од семејниот живот. Макс се обидува да го доведе Јон во ред, но сите негови обиди да го дисциплинира се залудни. Внукот, не по негова вина, повторно запаѓа во неволја, овој пат со катастрофални последици која завршува со смрт на едно момче, а Јон е во кома и е главен осомничен за убиството. Дедото нема да може да се помири со помислата дека неговиот внук е убиец и започнува сопствена истрага. И во овој филм, како и во СРЕЌНИ 140, режисерот Грација Керехета успева да реализира еден нетипичен трилер кој започнува да се развива како таков во втората половина на филмот кога публиката е убедена дека филмот ќе следи насока која има класично драмска, ангажирана, социјална линија. Режисерот е убедлив во неговите уметнички постулати и доследно си го следи сопственото кредо.